Почитувани,

Со голема разочараност сакаме да Ве известиме дека Комисијата при Министерството за образование и наука донесе решение за бришење на ИЗИКП од регистарот на субјекти кои вршат научноистражувачка дејност и со тоа немаме право да издаваме мислења за проектираниот и изведениот степен на сеизмичка заштита на објектите. Решението е донесено заради тоа што при извршената контрола на работата на Институтот е констатирано дека истиот нема релевантна истражувачка активност што го прави нефункционален во својата основна работа. Решението е донесено на 1 април 2025 година.

Воедно сакаме да Ве информираме дека барањата реализирани заклучно со 10 април 2025 година, односно денот кога го имаме добиено решението на службениот меил на Инстситутот, ќе ги комплетираме и ќе Ви испратиме соодветно мислење. Под реализирано барање го сметаме барањето за кое што е ПЛАТЕНА профактурата испорачана од наша страна заклучно со 10 април 2025 година. Доколку ја имате платено профактурата после овој датум, средствата ќе Ви бидат вратени.

Веќе превземаме мерки посочени во правната поука од решението и кога ќе добиеме соодветен одговор ќе Ве известиме.

Засега, Ви се заблагодаруваме за соработката во изминатиот период.

Со почит,
ИЗИКП Скопје